Во периодот 01.01.2022 до 31.03.2022 год. ЈПКД „ОГРАЖДЕН" - Босилово ги оствари следните резултати од материјално-финансиското работење:

ВКУПНО ПРИХОДИ.............................................= 4.174.703,оо
ВКУПНО РАСХОДИ..............................................= 4.303.801,оо

**Структура на остварените приходи:**

Приходи од основната дејност во нето износ без ДДВ:

1. Приходи 18% услуги за приклучоци на водовод..... ,= 69.231,оо
2. Приходи од осветлување - ..................= 105.760,оо
3. Приходи од услуги за ѓубретарина..........................= 1.546315,оо
4. Приходи од дистрибуција на вода............................= 1.593.350,оо
5. Чистење и одржување 5% на јавни површини......= 736.000,оо

ВКУПНО: 4.171.735,оо

Останати приходи од работењето:

1. Приходи од камати ...................................................= 2.968,оо
2. Останати приходи - отпис...........................................= 0
3. Приходи од субвенции .......................................... = 0

ВКУПНО: 4.174.703.оо

**Структура на расходите во нето износ без ДДВ:**

1. Потрошени материјали-Хемикалии..........................= 69.068,оо
2. Потрошени делови за осветлување..........................= 105.760,оо
3. Потрошени материјали и одржување водовод .......= 148.191,оо
4. Директни трошоци- Сирова вода...........................= 201.604,оо
5. Потрошен канцелариски материјал......................= 40.804,оо
6. Потрошен материјал за чистење и одржување.....= 9.406,оо
7. -работ.облека,обувки,маски чизми и др...................= 19.500,оо
8. Електрична енергија-производство.......................= 238.277,оо
9. Гориво за патнички возила.........................................= 37.628,оо
11. Гориво за товарни возила....................................... = 244.371,оо
12. Услуги за одржување на моторни возила ............. и материјали и рез.дел.за сервисирање...................= 44.168,оо

| | |
|---|---|
| 13. Поштенски услуги ....................................= | 812,оо |
| 14. Услуги за одржување на софтвер .........= | 8.700,оо |
| 15. Регистрација и технички преглед на моторни возила | 7.308,оо |
| 15. Телефонски услуги...................................................= | 45.952,оо |
| 16. Услуги дезинфекција И деритазација...............= | 0 |
| 17. Услуги за одржување на филтер станица ...........= | 0 |
| 17. Други услуги............................................................ = | 0 |
| 17. Трошоци за отстранување на фек.води ..............= | 0 |
| 18. Контрола на квалитет на вода ............................. = | 30.326 .оо |
| 18. Трошоци за огласување................................................= | 14.851 ,оо |
| 19. Расходи од камати и адм.такса ујп ........................ = | 26.162 ,оо |
| 20. Систематски преглед...................................................= | 0 |
| 21. Плата и надоместоци на плата................................= | 2.813.450,оо |
| 22. Сметководствени услуги,, ..............................................= | 37.500,оо |
| 23. Амортизација .....................................................................= | 0 |
| 24. Дневници за службено патување ..........................= | 2.300,оо |
| 25. Други примања на членови на управен одбор......= | 0 |
| 25. Трошоци на договор на дело.................................= | 103.445,оо |
| 26. Трошоци за репрезентација ....................................= | 0 |
| 27. Премии за осигурување ...........................................= | 13.317,оо |
| 28. Банкарска провизија ..............................................= | 28.401,оо |
| 29. Членарини на здруженија и фондови................= | 6.000,оо |
| 30. Утврдување на тарифа за вода ..........................= | 0 |
| 31. Адвокатски и нотарски услуги ...........................= | 6.500,оо |
| ВКУПНО: | 4.303.801,оо |

За периодот од 01.01.2022до 31.03.2022 год. ЈПКД ОГРАЖДЕН-Босилово искажа загуба од работењето во вредност од 129.098 денари.

Други поважни елементи во однос на финансиското работење на ЈПКД ОГРАЖДЕН во периодот до 31.03.2022 год.

1. Побарувања од корисниците на услугите........................................= 14.094.699,оо
2. Обврски спрема добавувачи......................................................= 14.463.286,оо

3. Обврски за ДДВ:
- Вкупна обврска за плаќање на ДДВ................................................= 247.075,оо
- Одбитен ДДВ претходно платен .....................................................= 185.062,оо
-За плакање ДДВ ........................................................................= 62.013,оо

ЈПКД ОГРАЖДЕН
Босилово

ЈП за комунални дејности "Огражден" п.о.
Бр. 05-243/1
26.08. 2022 год.
Босилово

Врз основа на член 30 и 31 од Статутот на ЈПКД „ ОГРАЖДЕН„ Босилово, Одборот за контрола на материјално финансиско работење на состанокот одржан на ден 25.08.2022 година, разгледувајки го извештајот за материјално финансиско работење за периодот од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година на ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово го дава следното:

# *М И С Л Е Њ Е*

Одборот за контрола на материјално финансиско работење го разгледа извештајот за материјално финансиско работење за периодот од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година на ЈПКД „ ОГРАЖДЕН„ Босилово и даде позативно мислење за неговото работење. Од тие причини Одборот за контрола на материјално финансиско работење му предлага на УО на ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово и на Советот на Општина Босилово усвојување на периодична сметка за периодот од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година за извештајот за работење на ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово.

Одбор за контрола на материјално
финансиско работење
Претседател Мите Ристов

Јавно претпријатие за комунални дејности "Огражден" п.о.
Бр 05-245/3
26.08 20 22 год
Босилово

Врз основа на член 27 став 1 точка 7 од Статутот на ЈПКД „ОГРАЖДЕН„-БОСИЛОВО УО на седницата одржана на ден 25.08.2022 год.ина донесе:

# *О Д Л У К А*

***За усвојување на извештајот на материјално-финансиското работење за периодот од 01 01.2022г. до 31.03.2022г.***

## Ч Л Е Н 1

Се усвојува периодичниот извештај за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден„Босилово.

## Ч Л Е Н 2

Периодичниот извештај за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден„Босилово се однесува за период од 01.01.2022г. до 31.03.2022г.

## Ч Л Е Н 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето и се објавува на огласна табла во претпријатието.

***УО на ЈПКД ОГРАЖДЕН-БОСИЛОВО***
***Претседател Дејан Динишев с.р***

# ЈПКД ``ОГРАЖДЕН``- п.о.БОСИЛОВО

Јавно претпријатие за комунални дејности "Огражден" п.о.
Бр 03-33/1
03.02. 20 22 год
Босилово

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА И ПЛАН ЗА РАЗВОЈ
# НА ЈПКД ``ОГРАЖДЕН``- п.о.БОСИЛОВО ЗА
# 2022 ГОДИНА



1.

ЈПКД„Огражден„-Босилово почетоците на своето работење ги бележи од 10.09.2001 година, со одлука донесена од страна на Советот на Општина Босилово.
ЈПКД „Огражден„ - Босилово е претпријатие основано заради вршење на дејност од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Босилово, и заради чиј интерес претпријатието е должно дејностите да ги врши трајно без прекин и неговата работа е јавна.
Раководните органи на претпријатието се: Управен одбор, Одбор за контрола на финансиско и материјално работење и Директор.
Управниот одбор е орган со кој се управува претпријатието и ги има сите овластувања во согласност со Закон да превзема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите поради кои е основано Претпријатието.
Како главна и основна дејност на ЈПКД „Огражден„ - Босилово е собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење.
Снабдувањето со вода за пиење подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.
Во однос на организационата поставеност, претпријатието е функционално поделено за навремено извршување на сите активности во тековното работење на начин со кој се обезбедува:
- Техничко-технолошко и економско единство на системот;
- Ефикасност во работењето;
- Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на стопанството;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- Трајно уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги;
- Самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во регионот, земјата и странство;
Поделбата во претпријатието е извршена на следниве сектори со нивните одделенија:

- **СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ, ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ-ФАБРИКА ЗА ВОДА**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ**
- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРО ОДРЖУВАЊЕ**
- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИСКА ОПЕРАТИВА**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
- **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
  - **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

## 1. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ, ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Работењето на овој сектор за 2022 година ќе се врши преку тимска и организирана работа сведена во низа активности насочени кон следните области :

1. Преработка и дистрибуција на вода за пиење
2. Контрола на состојбата на водоводната мрежа
3. Приклучок на новопријавени корисници
4. Монтажа на нови водоводни линии
5. Поправка на водомери и санирање на дефекти
6. По налог за исклучување ќе се врши исклучување на корисниците со поголеми долгови

Секојдневното одржување на водоводната мрежа ќе придонесе за брзо отстранување на поголеми дефекти(загуба на вода, пукање на главни и споредни вентили, поправка на стакло од водомери, мали вентили, конектори од водомери и друго). Во текот на 2022 година како и досега по претходно поднесено барање од страна на граѓаните кои не се приклучени на водоводната мрежа и кои имаат уплатено за таа услуга ќе вршиме приклучување на нови корисници на водоводната мрежа со приготвување на потребната документација за таа намена.
Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење е носител на главната активност на претпријатието а тоа е ***СНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО СО ВОДА.***
Работата на овој сектор е обемна и ги опфаќа сите технички активности на претпријатието. Овој сектор е поделен на следните одделенија:
-Одделение за водоводна мрежа и приклучоци
-Одделение-фабрика за преработка на вода

Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем.
Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сурова и преработена вода, кои се протегаат од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.
Со цел да се обезбеди редовно и уредно одржување на водоводната мрежа неопходно е да се утврди степенот на приоритет и значењето на одредни објекти во рамките на дадениот систем, а со тоа и видот, начинот и зачестеноста на активностите и нивното одржување.

Основни критериуми за утврдување на категоријата на објектите се:
- Профил на цевоводот;
- Вид на материјалот од кој направен цевоводот;
- Локација на цевоводот;
- Старост на цевоводот;
- Техничка состојба на цевоводот;
- Притисок на цевоводот;
- Значење на потрошувачите кои се приклучени на сопствен цевовод (болници, училишта);

Ефикасното одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и обезбеден квалитет на водата). Со цел остварување на овие принципи, ќе се настојува кон доследно спроведување на следното:
- Цевоводите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и станбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна сосотојба, што може да се оствари по пат на котрола на изведувањето на потребните работи во рамките на редовно и инвестиционо одржување;
- Навремено превземање на сите мерки околу замена на одредени цевоводи или делови од мрежата;
- Редовно испитување и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа, заради одржување на оптималниот режим и благовремено да се превземаат неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;
- Брзо и организирано одстранување на настанатите дефекти;
- Испитување на квалитетот на испорачаната вода;
-Планско работење и испитување на причините за губитоците на вода и нивно намалување.

## *Производство*

ЈПКД ,,Огражден,, снабдува со вода единаесет населени места во општина Босилово. Седум населени места моментално добиваат услуги од ЈПКД Огражден преку регионалниот хидросистем ,,Иловица,, додека останатите 4 населени места се снабдуваат преку своите локални водоводни системи со кои исто така стопанисува ЈПКД ,,Огражден,,. Главен извор на вода за хидросистемот ,,Иловица,, е акумулацијата ,,Иловица,, од каде се добива сурова вода и истата се преработува и се дистрибуира.

Водата од акумулацијата „Иловица„ се прочистува во ф-ката за преработка на вода за пиење „Иловица„ изградена во 2001 година. Моментално, има капацитет за пречистување до 44 л/с. Водата се пре-третира со озонирање и аерација, се третира користејќи коагуланти и флокуланти, и се дезинфицира со натриум хипохлорит.

### *Дистрибуција и потрошувачка*

Вид на снабдување: гравитациско
Мрежата на сите водоводни системи има вкупна должина од 151 км (вклучувајќи ги и главните доводни цевководи).

Специфичната домашна потрошувачка за 2022 би изнесувала 87,00 л/жител/ден и е изведена специфична потрошувачка. Одреден дел од приклучените домаќинства се мигрирани во странство и услугата водоснабдување ја користат само во текот на годишните одмори (најчесто во текот на летните месеци).

## 1.1 Одделение за водоводна мрежа и приклучоци

Одржувањето на водоводната мрежа подразбира систематски преглед на: дистрибутивната мрежа кој вклучува: периодична контрола на мрежата, контрола на затварачи на сите профили, контрола на пожарни хидранти, контрола на воздушни вентили, контрола на арматури во шахти на мрежата и контрола на приклучоци.

Покрај систематскиот преглед се врши и редовно одржување на дистрибутивната мрежа кое подразбира: одржување на водомерни шахти, на приклучни цевки, на воздушни вентили, испусти и пожарни хидранти, санирање на дефекти на цевководи, систематско мерење на притисокот, генерално промивање на мрежата,поврзувања и реконструкции за потребите на граѓаните и стопанството и сл.

Активности на одделението за одржување и изградба на водоводи и во 2022 година ќе бидат:

- Систематски преглед на мрежата и редовно и тековно одржување на водоводната мрежа и обезбедување со квалитетна вода за пиење;

- издавање хидротехнички услови (со кои се дефинираат услови за приклучување на водоводните мрежи, по поднесено барање);
- издавање решенија за нов водоводен приклучок и разни писма, дописи и одговори на барања;
- увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- приклучување на правни и физички лица на водоводна мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- отстранување дефекти на дистрибутивната мрежа и сл.

***Одржување на водоводните мрежи:***

**Редовно одржување**

Под редовно одржување ги подразбираме сите работи поврзани околу редовните прегледи и помали интервенции на водоводната мрежа и на уредите на неа, при што не доаѓа до подолг прекин на водоснабдувањето. Цел е навреме да се отстранат сите детектирани недостатоци, да се спречат поголеми дефекти и мрежата да се одржува во функционална и технички исправна состојба.

Во редовно одржување спаѓаат следните работи:

- Систематски преглед на водоводната мрежа
- Поправка на пукнатини и затворање на отворите на ѕидовите
- Поправка на дефекти на спојките
- Заптивање и замена на одредени делови на затворачи и хидранти
- Замена на хидрантски капи, вградени гарнитури
- Поправка на станбените приклучоци
- Поправка на јавните чешми
- Испирање на мрежата
- Чистење на арматурата од корозија и заштита со боење

Во систематски преглед на мрежата спаѓаат следните активности:

- Визуелен преглед на трасата на мрежата
- Контрола на исправност на затворачите и хидрантите
- Контрола на исправност на шахтите и уредите во нив
- Контрола на исправност на воздушните вентили
- Проверка на редуцир-вентилите
- Проверка на станбените приклучоци и арматурите во водомерните шахти.

**<u>Инвестиционо одржување</u>**

Под инвестиционо одржување подразбираме поголема поправка на мрежата како што се: замена на арматура, замена на една или повеќе цевки, поголеми поправки на шахтите и др. Во смисла на инвестиционо одржување можат да се заменат поради дотраеност на цевоводот и комплетни делници. Поголеми зафати на цевоводот имаат карактер на инвестиција.

## 1.2 Одделение Фабрика за преработка на вода

- Ја организира работата во фабриката за прераработка на вода,
- Обезбедува редовна и константна преработка на квалитетна вода, редовно одржување на машини и опрема како и навремено снабдување со суровини, хемикалии, опрема, алат и мазива
- Извршува редовно мерење на резидуалниот хлор и другите технолошки параметри, изработка на нормативи за дозирање
- Припрема на реагенси за изготвување на хемиски анализи како и одржување на хигиената на целокупниот лабораториски инвентар.
- Спроведува редовни (месечни) анализи и контрола на квалитетот на водата

Фабриката за преработка на вода ,,Иловица,, согласно имплементираниот ХАЦЦП систем има воспоставен интерен мерен систем за контрола и управување со преработувачкиот процес; со оглед на тоа се врши постојано следење и запис на примарните квалитативни (технолошки) параметри.
Од страна на ДПТУ ФУД ЛАБ ДОО Скопје и во текот на 2022година ќе бидат земани примероци од разни мерни точки во дистрибутивната водоводна

мрежа со цел испитување и анализа на квалитетот на водата и тоа: физичко-хемиска исправност, микробиолошка, како и бактериолошка исправност. Согласно законската обврска, исто така во текот на 2022 година ќе бидат доставувани примероци на преработена вода и во ДПТУ ФУД ЛАБ ДОО Скопје, со цел обезбедување комплетна и сеопфатна анализа на водата. Во текот на 2022 година, исто така, навремено ќе бидат набавувани потребните хемикалии и реагенси.

## 1. СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Овој сектор се состои од :
- Одделение за јавна хигиена
- Одделение за електро-одржување

Програмата за одржување на комунална хигиена за подрачјето на Општина Босилово е изработена согласно Законот за комунални дејности и Законот за управување со отпад. Правата и обврските помеѓу давателот и корисникот на услугите се регулирани и со Одлука за комунален ред на Општина Босилово.

***Со програмата во одделението за јавна хигиена ќе биде опфатено:***

1. Собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад
2. Одржување и чистота на јавни површини
3. Одржување на паркови и зеленило

***-Собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад***

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад е задолжително на територијата на Општина Босилово, согласно одлука на Советот бр.07-4566/1 од 28.06.2010година. Во зависност од бројот на корисниците на услугата, утврдена е динамиката за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад.

*-Одржување на чистота на јавни површини*

Одржувањето на јавни површини се спроведува согласно одлука на Советот на Општина Босилово бр. 07-43/1 од 12.01.2009 година и подразбира чистење на јавните површини кои зависат од повеќе параметри:

-густина на население

-фреквенција на луѓе и моторни возила

-степен на нечистотија

-план за одржување

-социјални, културни и останати особености и навики на граѓаните.

Чистењето на јавните површини се врши преку рачно метење

Динамиката и начинот на чистење на јавните површини се утврдуваат во зависност од временскиот период.

***Одржување на паркови и зеленило***

ЈПКД ,,Огражден,, Босилово ќе ги одржува парковите и тревниците преку спроведување на редовни активности, како:

-машинско косење

-полевање

-кастрење

-садење на нови дрвја

***Одделение за електро-одржување***

ЈПКД ,,Огражден,, Босилово е надлежно за одржување на уличното осветлување на територијата на Општината; истото подразбира редовно сервисирање на мрежата преку спроведување на повеќе активности, како што се:

- Проширување на мрежата, со поставување нови бандери и елктр. арматури
- Замена на прегорени сијалици
- Замена на дотраени кабли
- Одржување на трафостаниците итн.

## 4. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ

Секторот за финансиско и сметководствено работење се состои од :
- Одделение за сметководство и финансиска оператива
- Одделение за јавни набавки

Вработените во одделението ќе се грижат за навремено доставување на финансиски документи од комерцијалниот сектор, материјалната евиденција од магацинот, изводите за состојбата на парични средства во деловните банки како и реализација на сите предвидени јавни набавки.

## 5. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Секторот за општи и правни работи се состои од:
- Одделение за општи и правни работи
- Одделение за човечки ресурси

Во 2022 година, како и досега, ќе се врши спроведување на законите за комунални дејности, а ќе се усогласи и работењето на претпријатието согласно можните измени и дополнувања на Законот за јавни претпријатија. Ќе се продолжи со склучување на договори за снабдување со вода за пиење со корисниците на услуги. По потреба, ќе се изработуваат дополнителни акти на претпријатието. Ќе се спроведуваат постапки за јавни набавки.

Пред надлежни судови и органи ќе се спроведуваат постапки преку поднесување тужби и следење на постапката до нивно реализирање, а ќе се поведуваат и извршни постапки за што ќе се води судски деловник. Ќе се подготвуваат седници на Управниот и Надзорниот одбор и ќе се водат записници, одлуки и заклучоци кои произлегуваат од нив.

Редовно ќе се води и организира архивата и архивското работење на претпријатието, согласно Законите и уредбите за канцелариско и архивско работење. Со оглед на тоа дека современата технологија многу брзу напредува, во 2022 година ќе вложиме напори да бидеме во тек со новите технологии; планираме да воведеме електронски систем за водење на архивата и автоматска обработка на податоците, *(но се разбира доколку успееме да обезбедиме финансиски средства за таа намена).*

**** Проширување на возниот парк на Претпријатието**

Во текот на 2022 година се планира зголемување и проширување на возниот парк на ЈПКД ,,Огражден,, - пред сѐ, во секторот за комунални дејности:

- Спец. возило за собирање на комунален отпад (донација од страна на Јапонската Амбасада)
- Спец. возило за собирање на комунален отпад (половно) (донација од Општина Струмица)
- Трактор со приколка / (ново возило)
- Спец. возило за автоматизирано чистење на улици (т.н. "метларка")
- Мулчер за сечење на гранки
- Цистерна за чистење септички јами
- Циклон за расфрлање на сол и песок (донација)

Со самото тоа, ќе се зголеми капацитетот на Претпријатието за ефикасно извршување на услугите и проширување на дејноста во повеќе населени места.

Горенаведените активности ќе бидат реализирани со сопствени средства на Претпријатието, но, пред сѐ, со финансиска, техничка и логистичка поддршка од страна на Општината и Градоначалникот.

**ЈПКД,,Огражден,,Босилово**
**Директор: Митра Зафирова**

------------------------------------------